ОКО

ОКОКУС
БРОЈ 32
18 МАЈ 1970
ЦЕНА 0,50 ДИН.

И ВАМУ И ТАМУ И НЕГДЕ И СЕГДЕ

„ФОКУС"
неделник за млади

Издавач Градска конференција на СМ на Скопје

Техничко и ликовно обликување: Ристо Куфаловски
Лектор: Јасмина Јанева
Дистрибуција: Златко Пановски и Горазд Росоклија
Редакција и администрација — Градска Барака број 2
Телефони 32-170 и 32-010
Годишна претплата 20 динари, полугодишна 10 динари
Главен и одговорен уредник: Аљоша Руси

Печатница „Нова Македонија"

ПРОГРАМСКА КОНФЕРЕНЦИЈА И ШТО ДРУГО?

Програмските конференции,во минатото познати како најважни,со реорганизацијата на СМ,се прилично дезавуирани како такви,ако се суди спрема Втората програмска конференција на СМ на Југославија која неодамна се одржа во Белград.Експресно завршена,за само три часа,со еден час пауза,таа е само бледа сенка на некогашните конференции со таков карактер,кои беа полни со дискусии и полемики,и траеја и добри два дена.Но во никој случај не сакаме овој увод да го разберете како "жалопојка" по та вите конференции.Т„е беа добри во свое време.Генес и неизамисливо е една програмска конференција да одзема толку многу х време,кога ги имаме проблемските конференции,кои се најпогодни најшироко и најоправдано според составот на делегатите да расправаат за некој одреден проблем.

Програмско-изборната конференција на СМ на Скопје,ќе се одржи на 24 април,и таа ќе се обиде да ја постави програмата на работа на Градската конференција,во наредниот период и да избере ново раководство кое ќе треба дх таа програма да ја спроведе во живот.Колку што се гледа од материјалите понудени на идните делегати програмата на задачите на СМ во наредниот период има навистина богата содржина,и определува ангажман во многу области.Кои области се најважни и каде треба да се фрли акцентот,тоа е децидно кажано во материјалите.Ние овој пат би сакале да кажеме неколку зборд за она што не е кажано во материјалите,и што објективно треба да се очекува конференцијата да го покрене како проблем.

Прво,односите на релацијата раководство-членство.Дали тие односи се пред развод?Или пак не е така?.Факти има,во полза на двете гврдења.Неактивност на проблемските конференции,но затоа пак активност во манифестациите каква што е например,Денот на полнолетството.Дали на младите луѓе веќе им е качено на глава,форсираното по-







дитикантсмтво,форм лното гретирање на нивното изјаснување,односно не можноста да се ѝ види ефектот на кажаниот збор во масата на акции кои се превземаат?Било како да било,во моментов никој не може да понуди програма која ќе ги собере сите млади луѓе,па макар нудел најдобра програма,од гледиштетео на општ ствениот интерес.Факторите на оделеноста на раководството и членството се многу длабоки,и досега никој и не се обидувал посериозно да ги проучи.За цело време сме лулани во сонот на одличната сост јба на релацијата раководство-членство.Затоа од конференцијата,од делегатите од базата треба да се очекува да се слушнат мислења,за тоашто ним им значи младинската организација,и какви се мо ностите тие проактивно да се вклучат во нејзината работа. Доколку конференцијата неодговори на ова прашање или не сака да одговори,тогаш кризата ќе се продлаби што во крајна линија ќе резултира со расформирање на СМ во догледно време.

Второ,што се работи во таканаречените основни клетки на СМ?И дали воопшто нешто се работи?Во повеќето од нив,младинската организација е олицетворена во двајца младинци,претседател и секретар на основната организација,т.е. на активот и тоа е се.Ако се прави некоја смотра или приредба,тогаш претседателот трча во Градската конференција,да моли за пари и тоа е активноста.Во повеќето активи не е одржана ниту една конференција освен изборната.И за ваквата ситуација не можеме да и обвинуваме оние што се во градското раководство.Ред е вината да ја понесат оние кои се тотално незаинтересирани за се она што се случува околу нив,се до оној момент,во кој нивните интереси доаѓаа во прашање.Навистина одсаствува секаков ангажман на младите луѓе,секаква самоиницијатива да се стори нешто. Се работи за своевидна алиенација,на која не и се обрнува сериозно внимание и не и се даваат димензиите што навистина ги има.

А.Р.

"НАЈУБАВА СКОПЈАНКА" ИЛИ КОЛКУ ЧИНИ ЕДНО ПЕТАЊЕ ПО БИКИНИ

Ерата на "пазарните" вредности,достигнува максимум во таканаречените,пропагандни приредби,правени со единствена намера да се рекламираат производите на нашето стопанство.Една од последните од таков вид е и изборот на "најубавата скопјанка",во организација на НИП "Наша книга".И додека во Скопје не стивнуваат полемиките околу тоа дали е избрана токму најубавата од 12 кандидатки,дали некоја од кандидатките не е протежирана,никому и не му текнува да си го постави прашањето да каде стасавме со невкусот. Едно издавачко претпријатие,организира избор на убавица,во комерцијални сврхи,и на најубавата и доделува награда во вредност од 30. илјади динари,сума доволна да се стипендира еден надежен писател, или да се издадат барем неколку книги на оние писатели кои чекаат на ред со години.Да не зборуваме пак колку чинеше целата акција. Оправданието за така потрошените милиони,е во рекламниот ефект на приредбата,и тука одбраната е сосема едноставна-акцијата е рентабилна.И секогаш кога некој сака да постави прашање зошто се толерира шундот и сличните сурогати,одбраната е акцентирана на економските показатели.Митот за рекламата како пресуден фактор,долготрајно се поткрепува,и таа се глорифицира како нешто без кое не се може.Тешката положба на стопанството,и не пречи некои претпријатија да фрлаат тешки милиони на разноразни избори на убавици,како да тоа да е од витален интерес за претпријатието,и како без таква реклама да не се може.

Димензиите на работите се онакви,какви што ни се чинат на сите нас.Ако се обидеме сите да им дадеме по достоинствен ток, тогаш и работите ќе изгледаат поинаку.Зошто едно претпријатие,ако веќе фрла пари на убавици,не стане и мецена на неколку уметници и им овозможи да се изразат како такви.Нивното дело ќе биде секако многу подобра реклама,отколку избраната убавица,која се шета по

улиците,со добиениот "Фијат 1300".Ние самите шундот и невкусот го ставаме на прво место и никој и не помислува,освен од време на време декларативно,да превземе нешто,што би ја изменило ситуацијата во која полека пропаѓаме.За илустрација,авторот на овој напис,продавал еден весник на Гра дскиот стадион,значи на 15.000 луѓе,и само поради фактот што на неговата прва страна нема некоја гола жена,продал само три примероци.да не се разбереме погрешно,не апелираме на применување на административни забрани и мерки,но нивното неприменување не значи дека треба да се креваат рамениците,а со тоа и да се толерира појавата на пошундувањето на културата.

Ние живееме во отворено општество и нашите акции треба да бидат брзи и јавни.Толеранцијата не води никаде.Дали треба да се основа друштво за заштита од шундот?Тоа не знаеме,но знаеме дека крајно време е да се делува.

МЛАДИНСКИОТ СТАНДАРД (II)

Повторно со младите, ќе се обидам да одговорам на најсуштествените прашања околу младинскиот стандард. Овој пат моите соговорници зборуваат за тоа како, каде и со кого ги потрошуваат оние десетина илјади стари динари, за кои стануваше збор во минатиот број.

За неупатените, би кажал само дека нашиот младинец добива месечно десет илјади стари динари и со нив располага, без било чие „интервенирање". Тоа е, заправо, заклучокот од минатонеделните излагања на младинците.

Лидија Регоје — шеснаесетгодишна ученичка во гимназијата „Орце Николов". Ја сака популарната музика и своите пари од месечниот „доход" скоро редовно ги дава во музичките магазини. Ретко оди во кино со пријатели, а почесто во театар. Се случува да присуствува и на концерт на сериозна музика, но сепак, оние од забавен карактер се за неа поинтересни.

Понекогаш оди со пријателите во некоја од младинските кафеани, но нејзино омилено место за забава е Клубот на дискофилите. Таму е гостин двапати неделно. Затоа, на игранки не оди.

Дел од своите пари Лидија потрошува и за илустрирани магазини, но исто така и за посериозни младински листови.

Иван Ивановски, ученик во среднотехничкото училиште, е страстен пушач. Не му стигнуваат ни две кутии цигари дневно, особено ако е со другари поголем дел од денот.

Затоа, се жртвува за други работи: во театар не оди никогаш, на концерти исто така, но редовно оди на фудбалски натпревари, кошаркарски средби и двапати неделно е гостин на некое од градските кина.

НАШИТЕ ПАРИ

Секоја вечер излегува со девојката, најчесто посетува некоја кафеана. Бидејќи нема кола (односно неговите родители немаат кола) нема обичај да ги посетува одморалиштата надвор од градот.



Зоица Трајковска е студентка на Архитектонско-градежниот факултет. Пуши скапи цигари (странски), купува скапи женски магазини (пак странски), редовно оди во кино (редовно, значи: два пати неделно), во театар оди многу ретко, а не ги пропушта концертите во Универзалната сала (значи, нашата, југословенска музика сепак ја фаворизира).

Зоица често оди со своите пријатели во кафеани и ресторани надвор од градот, зашто двајца од нејзините пријатели имаат коли.



СЕПАК

Најчесто одат на Водно и Сарај.

Спортот не го сака, па затоа и не ги остава своите пари на спортските каси. Зоица ретко купува плочи, зашто има магнетофон.

Понекогаш во нејзениот дом се собираат нејзините пријатели и имаат пријатна забава. Родителите не и бранат.

Крсте Казанциоски е ученик во средноекономското училиште. И тој е пушач и извесен дел од своите пари потрошува за неговите омилени „филтер Југославија". Тоа сепак, не му пречи да оди често пати во кино. Купува спортски весници и понекогаш списанија за музика. Се разбира, не пропушта ни еден поинтересен спортски натпревар, особено фудбалските и кошаркарските. Во театар не оди. Околу концертите — не е многу заинтересиран.

Излегува со својата девојка неколку пати во неделата. Почесто се шета низ улиците или заедно одат в кино, отколку што одат во кафеана. Не заради тоа што таму повеќе се троши, ами зашто двајцата не ја сакаат таа средина.

Мирјана Иванович е ученичка во „Орце Николов". Има осумнаесет години и многу ја сака музиката. И цигарите. Купува плочи за нејзиниот нов грамофон, а редовно оди и на музичките сеанси во Диско-клубот.

Концертите на наша забавна музика не и се интересни. Сериозната музика и балетот ги прифаќа.

Мирјана беше првата девојка (воопшто првиот учесник во оваа импровизирана анкета) која купува книги. Но, не поезија, ами познати светски писатели. Таа има веќе цела библиотека купена со сопствени пари. Редовно ги посетува литературните читања, средбите со писатели.

Во кино оди ретко, со својот младич. Театарот и е помалку близок, но некои поинтересни претстави не ги пропушта.

Мирјана не оди во кафеани, а затоа ги сака популарните „журови". Се собираат нејзините пријатели кај некој од нив и така редовно ги

но, во сабота или недела, се забавуваат со музика.

На игранки никогаш не оди.

Ивана Лазаревска е ученичка во гимназијата „Јосип Проз Тито“. Таа е од оние ретки

ПУ

млади што не пуши, но не се откажала од задоволството да слуша музика. Купува лонгплеј плочи, што чинат прилично многу, но таа сака да има своја дискотека. Купува женски журнали, особено модни. Многу го сака филмот, па затоа е често во кино-салите, со својот пријател. За театарот ретко се сетува, освен кога одат од училиштето.

Оди често во Клубот на дискофилите, но и нејзините пријатели имаат некаков свој импровизиран клуб, во подрумот на еден од нив.

ШИ

Таму слушаат музика, играат, воопшто, се забавуваат пред и по часовите. Затоа, не мораат да одат на други места, освен на корзо и на излети.

Книги не купува, иако литературата ја интересира.

Владо Шишков е седумнаесетгодишен ученик во гимназијата „Георги Димитров“. Повеќе од сè ја сака популарната музика. Значи: гостин на диско клубот, купува плочи и музички магазини од странство.

Пуши, се разбира и оди во Диско-клубот. Посетува и приватни клубови. Не му паѓа на памет за спортски натпревар, ниту за театар ниту за книга.

За чудо, се случува да дојде на некој концерт на сериозна музика.

Љубител е на вестерн-филмовите и никогаш не ги пропушта, макар да жртвува за тоа и по некој школски час.



Во младинските кафеани, сепак, не оди. Инаку, има многу пријатели и со нив е најчесто на корзо и во споменатите клубови.

Мирјана Пејовиќ е најмладата соговорничка. Има петнаесет години и природно, не пуши. Многу ги сака стриповите и редовни ги чита од младинските магазини, а ги купува оние што посебно се печатат.

Ретко купува по некоја книга. Плочи не купува, зашто има магнетофон. Излегува ретко во денови што не се сабота или недела, а нејзините пријатели се од класот во кој учи. Некогаш оди во некој клуб (обично во оној на Дискофилите) или се собираат нејзините пријатели кај некого и си разговараат.

В кино, се разбира оди — во недела попладне. За театар е мала, како и за концерти на сериозна музика.

Ете, тоа беа искажувањата на нашите млади сограѓани. И како што е обичај да резимирам:

Младите граѓани најчесто си ги трошат своите пари за цигари и плочи, а често одат во кино и купуваат весници и илустрирани магазини. Најчесто се гости на Клубот на дискофилите, но има и такви кои имаат свои приватни клубови. Тие се во „повластена“ положба, зашто можат да одат таму и да се забавуваат секојдневно.

Младите луѓе одат во кафеаните, особено, ако имаат кола, ги сакаат оние кои се надвор од градот; многумина од нив не би оделе, посебно не во градските; но сепак, други места за разонода немаат. Секако, би можеле да одат на балетска или драмска претстава, на опера или концерт, но, сепак, нашите младинци повеќе се навикнале на популарните кафеани и клубови, отколку по споменатите сали.

Никој не се лишува од филмовите, малкумина не одат на спортски натпревари. Тоа, е изгледа, наша национална особина.

МЕ...

Овој пат намерно не ви, претставив работник, зашто во следниот број прашањата на кои денес одговараа средношколците и студентите, ќе бидат предмет на разговор со повеќе млади работници.

Спасе ЈОВКОВСКИ

РАЗМИСЛУВАЊА

Ако веќе како предмет на оваразмислување ја ставаме улогата на Сојузот на студентите, пред сè треба да видиме во какви услови тој делува на универзитетот, да ја видиме положбата на студентите во него, бидејќи нивното општествено битие се реализира или би требало да дојде до израз во организацијата на студентите, пред сè во рамките на Универзитетот.

Еве неколку факти што ќе нè приближат до предметот на ова размислување:

1. Нерешителност и спорост во спроведувањето на програмско-политичките ставови во високото образование.

2. Несоодветен третман на Универзитетот, односно, неговата несамостојност и тешка подвижност што доведе до тоа тој да биде предмет на политика, а не креатор на својот развиток. На тој начин самоуправувањето во него споро го минува својот развоен план и тешко се здобива со белези на специфичност.

3. Во процесот на материјалното и социјалното диференцирање во општеството, дојде до онаа фаза во која разликите меѓу студентите стануваат прилично големи како резултат на наследувањето на тие разлики. Последиците се состојат во најголем прилив на одлично ситуирани студенти ,додека инструментите за помагање на сиромашните студенти со добар успех замолкнаа.

4. Врз овие разлики во материјалните услови за студирања се формира и свеста на студентите, при што, образованието сè повеќе се афирмира како инструмент на зачувувања на привилегиите во материјална смисла, а нормално, како резултат на тоа и во општествените односи. (Се разбира ова се одесува на бирократско-технократските и интелектуалниет слоеви кои ги имаат тие услови).

5. Разликите од свеста доведуваат до социјално раслојување и разединување на младите луѓе. Ова прво се манифестира во разликите на политичкото усмерување како и етичкото и моралното однесување во општеството. Највидливи се одделувањата во начинот и местото на движењето што се манифестира во избирањето на пријателите и местата кои нивните материјални можности им го дозволуваат.

Со сведување во рамките на реалното важење на изложените односи полесно ќе можеме да ги согледаме непосредните причини што влијаат на опаѓањето на активноста на Сојузот на студентите и неговото влијание не само на стагнирањето на неговиот развиток. туку и во кризата на неговиот развиток.

Во ситуација на заостанување на односите на Универзитет зад општествените односи и Сојузот на студентите се најде зад токот на општествените процеси, зад општествените и материјалните и политичките проблеми што животот ги наметнува. Во услови кога Сојузот на студентите имаше пред себе задача да се избори за разрешување на огромен број проблеми, како што се материјалното обезбедување на студентите, интензификација на наставно-образовниот процес и негова рационализација, развтиток на идејно-политичкиот, културниот и спортскиот живот на студентите и низа други проблеми Сојузот на студентите не можеше да го пронајде патот на кој ќе ги реализира позитивните тенденции во таа смисла. Студентите сè повеќе се оттуѓуваа од организацијата, бидејќи преку неа неможеа да ги реализираат своите интереси, а раководствата се зачаурија, ја забирократизираа својата работа и својот однос кон студентите. Сојузот на студентите стана формална асоцијација на студентите додека кај раководствата преовладаа синдикализмот и практицизмот, а рутинерството и кариеризмот станаа нормална појава. Во тие превирања и барања патишта, програмските начела и политичките принципи станаа апстракции, а самоуправувањето маглива контрура. Сојузот на студентите денес покажува само видливи знаци на рутинерски акции ,а неопходноста од суштинска реорганизација "созрева после секој неуспех или половичен резултат во работата. Во услови на крајна пасивност созреаа и првите заклучоци за начинот на политичката борба на организацијата. Во тие услови созреа и неопходноста за акција и за единство во акцијата. **САМО ВО САМОУПРАВНИТЕ ОРГАНИ ЕДИНСТВЕНО МОЖАТ ДА СЕ РЕАЛИЗИРААТ ИНТЕРЕСИТЕ НА СТУДЕНТИТЕ.** Сметам дека и покрај досегашните постигнувања санкционирани со повеќе акти на универзитетскиот совет и факултетските органи, самоуправувањето сè уште ја нема заземано позицијата на основен општествено-економски однос на Универзитетот. Сегашните економски односи на Универзитетот, како и меѓу Универзитетот и општеството се пречка за подлабоко развивање на самоуправните односи кои немаат економска содржина и се повеќе политички облици на организирање, отколку вистинско самоуправување. Најрадикално менување на сегашната состојба носи со себе идејата за студентот како носител на средствата потребни за негово образование, што ќе обезбеди со менување на статусот на студентот, односно студентот да се здобие со статус работен човек. Како студент за условите на работата и животот единствено можеме да го решаваме само во самоуправни односи. Како основа на тоа наше право треба да стои признавањето **НА УЧЕЊЕТО ЗА ТРУД.** Притоа советите на години ќе го добијат своето конечно место во самоуправниот механизам на факултетот како тело на студенти и наставници сврзани со заеднички проблеми. На сличен начин би се формирал и факултетскиот совет (со свои одбори) како заедница на самоуправувачи. но неопходно е да се разграничи за кои прашања ќе решаваат професорите, студентите и помошниот персонал заеднички, а за кои прашања ќе биде потребна самостојност или согласност на овие три категории.

Сето ова би било апстракција ако Сојузот на студентите оваа концепција не ја постави на база на енергично барање сите материјални средства кои се наменети за материјално обезбедување на образовната и научно-истражувачката работа на факултетот, односно на студентите и професорите, општеството да им ги додели на располагање и репродуцирање на самоуправните органи од советот на година до факултетскиот совет. Сето ова сметам дека треба да биде и законски санкционирано со новиот Закон за финансирање на високото образование. Ако ваквата концепција е од интерес на студентите сметам дека можеме да констатираме дека интересите на заедницата ќе се поклопуваат со интересите на студентите и другите работни луѓе на факултетот и ќе се реализираат низ самоуправните односи во факултетот и меѓу факултетот и општеството. На тој начин на прв план избива самостојноста и самоуправноста на факултетот во рамките на Универзитетот, додека Сојузот на студентите се ослободува од посредничката улога меѓу студентите и самоуправувањето, а на себе треба да ја преземе улогата на иницијатор и организатор за заземање на ставови по прашања од општ карактер, спроведувајќи ја при тоа својата политичка и програмска платформа. Само на тој начин Сојузот на студентите, организатор з сè и сèшто, ќе може да се организатор за сè и сешто, ќе може да се јави како политички фактор и во пошироки општествени рамки. Мислам дека начинот на организирање на Сојузот на студентите што денес постои треба да се измени бидејќи со ваква организација Сојузот на студентите не може авторитетно и успешно да ги оствари поставените цели. Но и досегашната практика на внатрешните демократски односи му дава можност **НА НАЈПРОГРЕСИВНИОТ ДЕЛ ОД ЧЛЕНСТВОТО ДА ГИ ПРЕЗЕМЕ ПРВИТЕ ЧЕКОРИ ЗА ОСПОСОБУВАЊЕ НА СОЈУЗОТ НА СТУДЕНТИТЕ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА САМОУПРАВУВАЊЕТО НА УНИВЕРЗИТЕТОТ.**

Во овој преоден период создавањето нови методи на работа, менувањето на формите на организирање и создавање на атмосфера за почеток на оваа борба ќе можат да го извршат само оние студенти-членови на организацијата кои со својата прогресивна свест ја сфатиле суштината на претстојната борба и ги покажале своите способности, свесни за прогресивноста на целта, и за нејзината хуманост.

Владимир ЛАПЕ



ШТО СЕ СЛУЧУВА СО СОЈУЗОТ НА ДЕМОКРАТСКИТЕ СТУДЕНТИ НА ГЕРМАНИЈА

Точно пред две години преку 20.000 германски студенти излегоа на улиците на Западен Берлин и на другите големи западногермански градови за пет дена да учествуваат во жестоките демонстрации чиј резултат беа двајца мртви и стотина уапсени и пренесени во болници.

„Шпрингер е убиец" викаа демонстрантите и ги напаѓаа автомобилите за пренесување и бутките за продавање прубликации на новинскиот магнат Аксен Шпрингер во Франкфурт, Берлин и Хамбург.

Борбениот сојуз на социјалистичките студенти на Германија (СДС) кој беше на челото на демонстрациите, тврдеше дека Шпрингеровите уводници во „Билд цајтунг", лист со голем тираж создале „клима на омраза" Зборуваа дека тоа довело до обид за убиство на студентскиот водич Руди Дучке на 2 април.

Кога тоа помина, западногерманската влада ја обвини „организираната примена на сила" од страна на СДС кој ја подржаа комунистите и која предизвика бунт.

Денеска СДС е мртов. Тој мирно исчезна минатиот месец во Франкфурт по месец дена непрекината дезинтеграција. Даниел Кон — Бендит, наречен „Црвениот Дени" анархист со француско-германско потекло кој во мај 1968 година ја предводеше побуната на француските студенти, го кажа последниот збор на состанокот на СДС на 21 април: „предлагам да се растуриме и да одиме да погледаме некој каубојски филм". Точно тоа е и направено.

Често зборуваат дека причина за пропаѓање на СДС е недостаток на ново раководство. И покрај тоа што пред 24 години формиран како студентско крило на Социјал-демократската странка на сегашниот канцелар Вили Брант, СДС во 1960 година е исфрлен од Странката заради тоа што е премногу радикален.

Руди Дучке, нескротениот студент роден во Западен Берлин беше водечкиот експонент и теоретичар на СДС во 1960 година додека на него не пукаа во Берлин.

„Мораме да ги пренесеме своите немири од Универзитетот в град" рече тој еднаш. Шестата деценија на овој век беше време на демонстрации на улиците — против војната во Виетнам, грчката воена хунта, вонредни закони, владата на големата коалиција, германското правосудство.

Дене е Дучке студент кој мирно живее во Лондон. Човекот кој се обиде да го убие, 23 годишниот молер Јозеф Бохман изврши во февруари самоубиство во затворот.

Другите лидери на организацијата се повлекоа, Кон-Бендит заработи нешто пари на книгата за побуните на француските студенти и сега студира, пишува и работи на снимање на филмови во Франкфурт. Карл-Дитрих Воф, водач на СДС од времето на скорешните немири од 1968 година работи како уредник во една франкфуртска редакција.

За изминатите две години се измени и германската политика. Тоа што многу го сметаа за главна привлечност на СДС — неговиот енергичен глас и времето на големата коалиција, период во кој немаше политичка опозиција — исчезна со изборот на социјал-демократите на чело на државата минатата есен.

Мнозинството од посматрачи гледаат во хаотичната и анархичната организација СДС уште една причина за пропаста на оваа групација. Званично СДС се распадна на национално ниво заради постоење на фракции-маоисти, марксисти-ленинисти, анархисти, антиауторитарци и други.

Новонастанатите групи веќе ги најавија своите организации. Една од нив е „Формативни комунисти" во Берлин, име кое го зеле за да се разликуваат од петте други фракции на Комунистичката партија во Германија.

„Формативните комунисти" се заколнаа дека ќе расчистат со „боемскиот живот" или „со културата на хипиците" која ја развиваат или практикуваа многу членови на СДС.

Нивните водачи Кристијан Семлер и Јирген Хорлеман, двајцата бивши теоретичари на СДС, се повикаа на „општра дисциплина, точност, взаемно критикување и контрола".

И покрај тоа што СДС ни во еден момент не можеше да тврди дека има преку 2.500 членови неговото влијание беше од неспоредливо поголемо.

(Танјугов, билтен, мај)

СТАРО НОВОРОДЕНЧЕ...

...ИЛИ ПРОГРАМАТА НА ТЕЛЕВИЗИЈА СКОПЈЕ



Раѓањето на скопското телевизиско студио, односно, првата македонска телевизиска слика и збор, беше проследено со новороденски овации и извици. Тоа беа нови видици и хоризонти на нашата културна сфера. Со отворањето на телевизиското студио беа експонирани можности за нови бреши и успеси, за афирмации и валоризации на нови културни добра и потреби. Тоа е медиум, во чија моќ на впечатливоста и убедливост веќе никој не се сомнева. Како свидители на деншните мираколи на телевизискиот екран, веќе никој не се осмелува да ја омаловажува и девалоризира. Но, да се запрашаме што се случува ако се злоупотребува нејзината моќ на влијание, како вонредно средство на масовна комуникативност и впечаток?

Тогаш таа се претвора во една бездушна серијско-конфекциска продукциона сфера и милје од кои зрачат сè некакви телевизиски појави и бумови на „сезнајните" творци и калкулатори на нијзината улога, а лепат и шприцат во детската, младинската, студентската, работничката, старечка свест депласирани и склеротични борби, кои мистификаторски обавуваат една значајна улога во секојдневниот живот на нејзините лојални „консументи". Но, да се вратиме на нашата скопска телевизиска програма, да видиме каква била нејзината онтогенеза по првите новороденски плачови и артикулации. Во почетокот на своето културно-информативно функционирање, сите добронамерни критички природи и духови се воздржуваат од својата оцена, носени пред сè од својот респект и внимание кон првите несигурни и скромни чекори на нашиот телевизиски прелудиј. Така што сите со право очекуваа еден квалитетен и квантитетен развој на телевизиското „новороденче". Меѓутоа, матните води на Вардар, почнаа да ја опседнуваат скопската телевизиска „мака", почна непредвидено нашето „телевизиско новороденче" да боледува од болест, која некои ја дијагностицираат во: безидејност, псевдоквалитет, шуплив квантитет, без ориентираност, непрофесионални односи, нелојален однос спрема своите потрошувачи, некурентност на своите творби, неотпорност и недостатоци на програмската содржина и редица на „квалификативи" кои оптимално, дебело и солидно беа потхранувани од материјално-финансиската благосостојба и богатство на тоа наше локално „телевизиско новороденче". Тие благодети го направиа „телевизиското новороденче", разгалено, почна да експонира идници на гости потполно „гладно, босо, некултурно, празноглаво, долгокосо, досадно и глупаво" да ги мами и тероризира, алчните, изморените, вљубените, лутите, ведрите и старечко-пердираните очи на своите приемачи, кои секогаш, секој месец ги олеснуваше за две илјади стари динари. Така што денеска кога таа ситуирала едно педагошко искуство, можеме слободно да констатираме дека во еден технички поглед напредувала, а својот квалитетно-содржински аспект безначајно и незначително го развила и подобрила.

За истото ќе нафрлам и посочам конкретни примери кои со снагата на убедливост, елоквентно зборуваат во прилог на погоре-наведената констатација. Телевизискиот весник се врти во круг, со своите карикирани личности, кои во правењето на лапсуси се без ривал. Клипираноста на телевизиското информирање и просто неподнослива, беше за никакво „варење". Забавно-музичката емисија „Пееме народно — пееме забавно" останува само добра замисла и обид, без соодветна реализаторска смисла. Додека пак, со драмската редакција се случува „нешто многу деликатно", но сепак нејзините креатори „не смеат да умрат", или пак чекаат некој „Мојсие" да дојде и ги спаси од сопствените „сеништа". И покрај тоа што се зголеми бројот на телевизиските драми, тој не донесе баш никаков квалитет. Особено во тој поглед разочараа драмите од некои домашни автори кои текстуално и драматуршки беа изразито лоши. Исто така драмската редакција практикува, да повикува гости од другите студија, кои овде си обавуваат тренерско-експериментаторска проекција на своите творечки можности. И другите телевизиски емисии делуваат медиокритетски, неинвентивно, безживотно и сувопарно. А некои, како што е на пример младинската емисија „Јас, Ти, Ние" неможат да издржат нити бла-





га критичка реч. По сè изгледа дека на авторите на оваа емисија им се потребни интегрални, интелектуални и креативни санации. Што се однесува до репродуктивното емитување, тука се широкоградно отворени, обемни, хаотични, безпрегледни, без чувство за ефективно и функционално презентирање на тој репродуктивен материјал. Најочебиен егземплар се филмовите кои три пати во неделата се наоѓаат на скопскиот телевизиски репертоар. Некогаш по две недели гледаме само вестерн-атмосфери, некогаш само кримиќ-свет, а понекогаш само конзервиран англиски хумор. Во тој поглед тука царува најголем хаос. Место да се следат некои благотворни искуства на другите студија (во претставување на интегрални циклуси како по жанр, така и низ имињата на познати режисери), нашата филмска редакција по сè изгледа се труди да остане уникат во својот своевиден кошмар и хаос. Покрај тоа, симптоматично е присуството на еден негаторски став спрема домашната кинематографија, како спрема играните филмови (кои по некогаш се наоѓаат на репертоар) така и спрема документарната и краткометражна продукција, (која, за жал уште не се обелоденила на скопскиот екран). За истото можат да се наведат маса примери кои уште по драстично ќе ја изразат непрофесионалната констелација на таа политика. Додека пак, што се однесува до рекламниот полигон на скопската телевизија, тука може да се види панаѓурски карактер на рекламирање. Скопските телевизиски реклами се авторитативно најздодевни, а уште и лажни катчиња во телевизиската програма. Реков, лажни и должам објаснување. Затоа што секоја вистина која покажува тенденција на непрекидно повторување, се трансформира во измама, лага итн. А во суштина идентичен е случајот со нашите депласирани реклами. Од сево ова изложување, некој ќе ми забележи дека „телевизиското новороденче" го прогледав низ многу црно-критички очила и дека го засрамив. Но, сепак тоа мене ме победи (песимистичко нè), затоа што уште нема воведено телевизија во колор кај нас, па според тоа црвенилото од срамот на неговото лице, уште не ќе може да се види.



Љубомир ПОПОВСКИ

КАКО СЕ ЛЕПАТ ЕТИКЕТИ

ПРВО: НАБАВУВАЊЕ ЕТИКЕТИ

Набавувањето зависи од асортиманот на етикетите на пазарот.

СОВЕТ БРОЈ 1: Купете ги оние етикети што се најзастапени на пазарот или оние што се во мода, ако сакате да бидете перспективни и ако не сакате да бидете веднаш приметени како „необичен".

СОВЕТ БРОЈ 2: Ако не се придржувате кон советот број 1 тогаш купете ги најретките етикети. Може да Ве прогласат за оригинален човек со широки познавања и идеи.

ВТОРО: ВРЕМЕ НА НАБАВУВАЊЕ НА ЕТИКЕТИ

Времето е важен фактор, затоа треба да ги набавите правите етикети во право време.
СОВЕТ БРОЈ 3: Етикетите купете ги непосредно пред да почнете да ги употребувате.
СОВЕТ БРОЈ 4: Етикетите можете да ги набавите и по увидувањата дека Ви се потребни. За етикети никогаш не е доцна.

ТРЕТО: ЛЕПЕЊЕ НА ЕТИКЕТИ:

Особено важен момент во етикетирањето. Етикетите се лепат кога на нивната позадина се нанесе тенок слој лепило (лепилото треба да биде од добар квалитет и ако приликите тоа го бараат веднаш да се одлепи етикетата без да остави траги. Се разбира етикетите претходно треба веднаш и целосно да се залепуваат). Во последно време се појавија етикети-налепници што ги поседуваат овие етикети. Кај нас ретко се наоѓаат на пазар.

ЧЕТВРТО И НАЈВАЖНО:

Изборот на местото за лепење етикети бара голема претпазлившост како и голема умешност. Затоа многумина правилно постапуваат и не ги лепат етикетите. Тие се задоволуваат со избор и набавување на етикетите.
Постојат два начина за избор на местата за лепење етикетите:
1. НАЈСТАР И НАЈСИГУРЕН НАЗИН, иако малку конзервативен: ЛЕПЕТЕ ГИ ЕТИКЕТИТЕ ОНАМУ КАДЕ ШТО СИТЕ ГИ ЛЕПАТ.
СОВЕТ БРОЈ 5: Почекајте сите „сигурни" да ги залепат етикетите каде што треба и потоа залепете ги и вие Вашите. Така сте сигурни и перспективни.
2. НОВ РЕВОЛУЦИОНЕРЕН МЕТОД, малку лизгав:
ЛЕПЕТЕ ГИ ЕТИКЕТИТЕ КАДЕ ШТО САКАТЕ.
СОВЕТ БРОЈ 6: Претходно треба да знаете дека етикетите не можете да ги лепите на мазни површини (мермер, каросерија на скапи коли, на некои високи згради и ниски бараки), ако немате добар лепак или добар грб.
СОВЕТ БРОЈ 7: Не го употребувајте овој метод. Може да се случи да Ве прогласат за етикетист и да го изгубите тлото под нозете.
ПЕТТО: Научете ги претходните четири поглавија и применете ги експериментално да Вашиот татко, брат или на Вашата мајка, сестра, жена.
Испраксирајте се добро.
ГЛАВЕН СОВЕТ: Не плеткајте се околу етикетите ако не сте способен за тоа. може некоја да Ви се залепи вам.

Исо РУСИ

КАКО СЕ ЛЕПАТ ЕТИКЕТИ
КАКО СЕ ЛЕПАТ ЕТИКЕТИ
КАКО СЕ ЛЕПАТ ЕТИКЕТИ

»НАГРАДНАТА ИГРА ЗА ПОЛИТИЧАРИ ГИ СТИМУЛИРА ПОЛИТИЧАРИТЕ«

За последниве десетина дена во Редакцијата пристигнаа стотици писма што необично нè израдува и нѝ дава снаги НАГРАДНАТА ИГРА да ја спроведеме до крај.

Ви презентираме неколку најтипични од нив:

„... Браво! Ова е прв случај во историјата на наградните игри, политичарите да се појават во улога на вистински актери ...“

С. М. општински политичар

„... Ако за Вашата Голема наградна игра се зборува од аспект на Марксизмот-Ленинизмот, можам да речам дека таа во него наоѓа целосно оправдување.“

Л. Т. политиколог

„... Мислам, ова е уште еден чекор напред во, овај, демократизацијата на овај, нашето општество. Овај, јас Ве поздравувам, мислам, сесрдно ...“

Д. Н. теоретичар

Не криеме дека имаше писма со поинаква содржина.

„Вие сте идиотска редакција. Зарем свесно одите кон тоа да го урнете овој систем, да ја дискредитирате политиката како професија. Вие сите сте за онаа страна од видот. Само да имав власт, ќе Ве поучев јас ...“

С. Н. политичар во пензија

Несомнено е дека НАГРАДНАТА ИГРА предизвика огромен интерес. Ни се јавуваат и домаќинки, чувари, гимназијалки ... и нѝ честитаат на генијалната идеја.

Голем број стопански организации испратија писма во кои нè известуваат дека патриотската свест им налага материјално да ја помогнат НАГРАДНАТА ИГРА. Особено голем број понуди примивме од (не) рентабилните стопански организации. Во тој поглед банките се прилично на дното од списокот. Веројатно е дека тие не се во состојба да ја ризикуваат третата месечна плата поради тешката финансиска состојба во која запаѓа банкарството кај нас.

Редакцијата ја користи можноста јавно да и се збагодари на сите што ја поздравија и поддржаа ГОЛЕМАТА НАГРАДНА ИГРА.

За оваа недела ги подготвивме следните прашања:

1. Дали е точно дека еден неквалификуван политичар може да прима седум пати поголема плата од доходот на еден неквалификуван работник?

2. Дали поделбата: критизерство – критика, може да послужи за демократско ликвидирање на критиката?

3. Што е тоа ротација и наведете кој е нејзин доминантен облик во нашата земја?

Поради Вашата професионална ангажираност Редакцијата во овој број Ви постави само три прашања. Се надеваме дека тоа ќе делува освежувачки на Вашата психа, особено ако се има во предвид дека прашањата од минатите два броја беа, признаваме, прилично тешки и заморни.

Довидување до идната недела.

За редакцијата искрено
Владимир ШОПОВ

ЗВУКОТ ВО "70



N.

NEW ROCK 'N' POLL ENSEMBLE, NICE, NICO, LAURA NYRO, NRBQ
LAURA NYRO

Лаура Неро е многу потценувана во својата земја и за неа се знае мошне малку. Како пример за тоа, никој не знае како вистински се изговара нејзиното име. Сите сметаат дека тоа е NIRO. Во сушност презимето и е NERO слично на оној NERON кој свирел виолина додека Рим горел. Лаура не свири виолина, но свири пиано и тоа многу добро. Како доказ за нејзините композиторски способности да наведеме некои имиња на нејзини композии: „WEDDING BELL BLUES" која беше од хит од „FIFTH DIMENSION", »ELI'S COMING« изведена од THREE DOG NIGHT и »YOU MADE ME SO VERY HAPPY« од »BLOOD SWEAT AND TEARS».

Лаура е родена во Њујорк. На седум години свири клавир, а на десет веќе настапува со разни групи по аглите на Њу Јорк. Нејзините концерти денес се вистинско доживување. Познати албуми и се „ELI AND THE THIRTHTEENTH CONFESSION« и »NEW YORK TENDABERRY«.

O.

Жалиме, но под буквите О навистина нема ниеден состав.

P.

PACIFIC GAS, TOM PAXTON, PENTANGLE, CHRISTINE PERFECT, PINK FLOYD, PLASTIC ONO BAND, POCO, PROCOL HARUM.

Q.

QIUSCKSILVER MESSENGER SERVICE, QUINTESSENCE.

R.

RARE BIRD, MIKE RAVEN, TERRY REID, RENAISSANCE, RHINOCEROS, ROLLING STONES, TIM ROSE, TOM RUSH.

RENAISSANCE

Групата „Ренесанса" е ренесанса на некои членови од групата „YARDBIRDS". Имено, тоа се: KEITH RELF и JIM MCCARTY. На помош им притекна и сестрата на KEITH, JANE. Keit вели дека ја формирал оваа група неможејќи да поднесува како публиката гледа само во Џими Пејџ и Џеф Бек додека свиреше во „YARDBIRDS". Петте члена на оваа група прават извонредна, компактна целина и тоа се огледува во нивната музика. Имаат издадено веќе два албума за компанијата „ISLAND" кои добро се продаваат. Пред кусо време се вратија од една подолга турнеја низ американските градови. „Сакаме луѓето да слушаат" велат тие. Ние не правиме врева, туку свириме. Меѓу нас има слобода и слога. Ништо не е изнасилено. Сè се случува онака како што е предодредено да се случи".

S.

SAM APPLE PIE, SANTANA, SAVOY BROWN, SHA NA SIMON and GARFUNKEL SOFT MACHINE, SPIRIT OF JOHN MORGAN, STEAMHAMMER, STEPPENWOLF, AL STEWART, ROD STEWART, BRIDGET ST JOHN, SPOOKY TOOTH, STONE THE CROWS, STRAWBS, SWEET WATER CANAL.

SANTANA

Воопшто не е важно каде групата SANTANA настапува. Не е важно ни времето кога го чини тоа. Важно е дека секогаш со неа одат масовни хистерии и неконтролирани изливи на возбудување. Тоа е резултат на специјалната врста на музика која водачот на групата CARLOS SANTANA сè поуспешно ја лансира на светската музичка сцена. Музика која се враќа во примитивноста, во почетоците на цивилизацијата. Во сите песни на оваа група посебно е нагласен ритамот што и доведува до нивната популарност. Таков е и нивниот прв успех „EVIL WAYS" кој веднаш високо се искачи на топ-листите и кој набргу беше проследен со албум. Karlos Santana е познат и како изведувач на албумот од двата генијални музичари Al Kooper и Mike Bloomfield. Својата музика шестминатa од SANTANA ја нарекуваат погодна за водење љубов. Значи, ако сакате да ја засакате нивната музика, отидете на жур и пуштете некоја нивна плоча.

SAVOY BROWN

Мора нешто да е погрешно со публиката штом дозволува групата SAVOY BROWN сè уште да чмае во анонимност. Таа група е формирана пред пет години и првиот албум излезе од компанијата „DECCA" под име „SHAKE DOWN". Тогаш таа ја измени својата постава во која и денес настапува. Во Америка имаа успех неколку нивни плочи и тоа „GETTING TO THE POINT", BLUE MATTER", „A STEP FURTHER" и „IM TIRED". Својата музика SAVOY BROWN ја сметатат за ROCK и BLUES. Меѓутоа во Англија и во цела Европа тие се непознати. На нивниот последен концерт во Детроит, САД, доживеаја 12 минутни овации. Штета што ние на континентот не сме спремни за такво нешто.

T.

TASTE, TAJ MAHAL, TEA and SYMPHONY, TEN WHEEL DRIVE, TEN YEARS AFTER, THIRD FAR BAND, THEREE DOG NIGHT, TRADER HORN, TRAFFIC, TRAPEZE, TYRANOSAURUS REX.

TASTE

RICHIE McCRACKEN, JOHN WILSON и RORY GALAGHER се трите члена на групата TASTE (Вкус) за која во последно време сè повеќе се зборува. Главната сила на TASTE лежи во RORY GALAGHER кој е и нејзин основач. Својата прва група тој ја формира во 1966 со која помина 2 години во Германија без никаков успех. По враќањето во Англија со двајцата веќе споменати младини ја формира TASTE и ги издава првите плочи. Тој вели: „Ние го свириме она што го сакаме. За среќа тоа и се допаѓа на публиката". Минатата година TASTE беше на турнеја по Америка заедно со супер — групата BLIND FAITH. Американците беа воодушевени од нивниот звук полн со импровизации и жештини. За Американската публика „TASTE" велат: „Тоа се брутални луѓе. Тие повеќе те гледаат, а помалку те слушаат. Ако не им се допаѓа бојата на твоите чевли, нема да им се допаѓа ни твојата музика". Било како да било од „TASTE можат да се очекуваат уште многу пријатни изненадувања. Тоа е група која за кусо време далеку ќе отиде.

TYRANNOSAURUS REX

Навистина е чудно, но и точно дека штом го споменете името TYRANNOSAURUS REX на многу луѓе им излегува пареа од носовите Како да сте им покажале црвена шамија на бик. Првиот REX е MARC BOLAN кој издаде 3 албуми со својот пријател ISTEVE PEREGRINE TOOK. Пред кусо време TOOK замина и на негово место дојде MICKU FINN. Најновата плоча на ова дуо излезе пред неполн месец и се вика „A BEARD OF STAR" (Брадата на ѕвездите). Нивната музика е веројатно музиката што ја пееле првите луѓе на светот. Таа е полна со архаичност, чудни крикови и инструментални изживувања. Најпознатиот диск џокеј на Англија JOHN PEEL вели: „Што знаете, можеби музиката на TYRANNOSAURUS REX „е музика на иднината?" Времето ќе покаже дали е во право.

ГОРАН

RARE BIRD (Charisma): Dave Caffinetti, Steve Gould, Mark Ashton and Graham Field.

PINK FLOYD (Harvest): Roger Walters, Richard Wright, Nick Mason, David Gilmour.

NICE (Immediate): Keith Emerson, Lee Jackson and Brian Davidson.



PENTANGLE (Transatlantic): John Renbourne, Danny Thompson, Jacqui McShee, Terry Cox, Bert Jansch.

TYRANNOSAURUS REX (Regal Zonophone): Marc Bolan and Micky Finn.

PLASTIC ONO BAND (Apple): John Lennon, Yoko Ono, Alan White, Klaus Voormann (permanent), Eric Clapton, Ringo Starr, George Harrison, Billy Preston and others (occasional).



RENAISSANCE (Island): Keith Relf, Louis Cennamo, John Hawken, Jim McCarty, Jane Relf.

ПОСЛЕДНА ВЕСТ



ГРЕШКАТА НА ЕДЕН РАКОВОДИТЕЛ ЈА ИСПРАВААТ СТОТИ НА РАБОТНИЦИ.

ИМАТЕ АН НЕ ШТО ДРУГО ДА ПОКАЖЕТЕ ОСВЕН СРЕДИ ИОТ ПРСТ?

ЗДРАВО ЛУЃЕ! — РЕЧЕ. ГО ОБВИНИЈА ПОРАДИ НАВРЕДА.

ИЗДАВА: НОВИНСКО ИЗДАВАЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА „СТУДЕНТСКИ ЗБОР" ОРГАН НА ССМ; ДИРЕКТОР НАСТЕ СТОЈКОСКИ; УРЕДУВА ЧЕКОВНА СМЕТКА 401-8-90; РАКОПИСИТЕ И ФОТОГРАФИИТЕ НЕ С— ЕХ ОВА КУЧЕ СЕ КЕ СТОРИ САМО ДА НЕ СЕ КАПЕ! РЕДАКЦИСКИ КОЛЕГИУМ: ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК ЈОСИФ ПОЧКОВ; ВЕСНИКОТ ИЗЛЕГУВА НЕДЕЛНО; РЕДАКЦИЈА И АДМИНИСТРАЦИЈА УЛИЦА „ОРЦЕ НИКОЛОВ", МОНТАЖНА БАРАКА БРОЈ 6, ПОШТЕНСКИ ФАХ 484 СКОПЈЕ ТЕЛЕФОНИ: 53-208 И 53-015, НИЦА „ПОЛИТИКА" УЛИЦА „МАКЕДОНСКА" БРОЈ 29, БЕЛГРАДЕ ВРАКАТ; ГОДИШНА ПРЕТПЛАТА 13.— НОВИ ДИНАРИ; ПЕЧАТ-

СПЕЦИЈАЛНАТА НАГРАДА ЌЕ ЈА ДОБИЕ ПО ДЕВЕТ МЕСЕЦИ.

ИЗБРАНА Е НАЈУБАВАТА СКОПЈАНКА!!!

ПОСЛЕДНИ ВЕСТИ